РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1475/1
31.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеи 4 и 10[1], а во врска со член 8 став 4 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 15 став 1 алинеја 12 и член 41 став 1 алинеи 4 и 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, во однос на резултатите од извршената ревизија од страна на Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-1331/2 од 31.03.2026 година, на 12. седница одржана на 30.03.2026 година, го утврди следниот:

## Став
## на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2025 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски се согласува со мислењето од Ревизорскиот извештај за 2025 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 02-1044/2 од 17.03.2026 година, дека финансиските извештаи ја претставуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата на ден 31.12.2025 година.

Во однос на делот „Основа за мислење со резерва" кој се однесува на вредноста на земјиштето под зградата, Агенцијата не се согласува, од причина што истото е внесено во билансите по препорака на Државниот завод за ревизија.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани:член 8 од Закон за изменување и дополнување на Закон за аудио и аудиовизуелни медимски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)